Владо Димовски

# ВТОРАТА МЕСЕЧИНА

Седмата деценија на дваесетиот век. Натоварениот воз со титовите идеали тркала кон новиот миленниум. Наполнет е со гориво во кое согоруваат братството и единството, неврзаноста и купиштата кредити дадени на жими мајка. Во срцето на локомотивата збивта работничката класа. Нагорнините ги искачува со перфектно осмислените пароли и песнички во кои самата се велича до небеса. Самоуправувањето е додатната сила од која шкрипеа металните тркала. Вака натоварениот воз, во името на еднаквоста си направи и пасош со препознатлива црвена боја. Со него несреќните и понижените ги полнеа челичаните во Чикаго, фабриките во Сиднеј, го мацкаа трулиот капитализам во Торонто, се гоштеваа на софрите на убавите французинки, швеѓанки, данки... Селата се празнеа како од чума. Тие што останаа беа најревносните подржувачи на идеалот, синови и ќерки на татковци и мајки со партиски книшки. Новите сили на партијата. Деца на полицајци, на кондуктери, на напредни земјоделци, на чиновници во државната администрација, на кодоши и на паднати борци. Ние... Бадијалџии задоени со големата идеа во која нема понижени, нерамноправни и страдни. Ние, наредени ко војници на вистинската линија. Ние, влечевме, а тие се преселија во главниот град и ги аминуваа грандиозните мисли на водачот. Ние кои во седумдесетите на дваесетиот век уживавме во тивкото умирање на родните огништа. Ние кои секојдневно роневме солзи по џганот кој се качуваше во големите прекуокеански бродови, во современите летала, ние кои знаевме дека токму тие се нашиот срам, нашиот неспокој, нашата грешка. Волоарите и орачите станаа штравчиња на грдиот капитализам кој ги цедеше до цедење. Заебаните капиталисти, потоа, ни ги враќаа во шарени костуми како кловнови. Тие мавтаа со долари, ние со партиски книшки. Тие ни ги лапаа најубајте чупи, ние им

продававме магла. Останаа многу катинари да висат по портите, многу недораскажани приказни. Се распрсна идилата, се растури магијата, училишниот двор замолча. Двата нужници во дворот останаа без врати, без ќерамиди, останаа дупките во кои пропаднаа нашите спомени. Котката и долгата магарица влегоа во книгите како детски игри на дваесетиот век. Селскиот дом се истури заедно со многуте љубовни приказни кои се врежаа во купиштата камења.

Еве сум наведнат над еден камен. Го превртувам со ногата. Најпосле го подигнувам со двете раце и го носам дома. Го ставам пред шпоретот на дрва. Откако го стоплив го пуштив да ми шепоти и да ми се отвори. Јас и каменот од истурениот селски дом ви ја раскажуваме најљубовната и најтажна приказна.Исчепкајте ги ушите, истресете се од здодевнаста и уживајте. Ако останете до крај со мојава приказна ви следува награда: ќе ви ги вратам парите со кои ја купивте оваа книга.

•••

1970... Ракометната топка ја распарталивме удирајќи ја ѕверски во предниот ѕид на селскиот дом. На крајот и дојде крајот од мојот голем нокт на големиот прст на десната нога. Кутрата остана да виси на покривот од домот, а моите другари бесот го истурија удирајќи ми по една клоца по задникот. Токму кога посакав на најблискиот до мене да му втерам еден бокс по муцка забележав како пристигнува селскиот автобус и како врти околу оревот на сред село.

- Суртуци, отворете ги очите и гледајте!... Можеби ќе не огрее некое сонце...

Сите тргнавме кон автобусот. Се отворија вратите. На предната се појави Таа. Ни швркна по еден поглед од високо, не пресече како со нож и тргна кон мостот. Останавме ко загарчиња на кои стопанот се токми да им фрли лепче.

Заборавивме на ракометната топка, на неповадените бавчи, на непожниените ниви... заборавив дека утре ми е редот да ги пасам маалските волови и крави.

- Оваа не е наша. Оваа е некое градско јариче сеуште неразнесено. Дошло овде да си најде петел.

Јаричето беше јаричка. Височка, со зелени очи, атлетски градена, со бисер бели заби, со долга коса до над газето поткренато ко самарче.

• • •

Летото зовре во мене како котел во кој се вари селски самварен сапун. Бев подготвен да ги победам сите предизвици. Имав чевли малку поткренати за на игранка и дрвени кломпи за на плажа. Со нив изгледав поголем и некако посигурно се чувствував. Идниот социолог ја списка јунската сесија и го израдува индексот со четирите положени испите. Радоста на успешниот старт ја поделив со домашните, но најголемата среќа ја доживеав со доаѓањето на братучет ми од Франција. Си лапнав кошула со цветчиња, тесна и залепена како што треба и пантолони звонарки како за мене скроени. Пред огледало го раширив погледот до најблиската ѕвезда и наеднаш како да се најдов во кожата на големиот, најголемиот... Џон Ленон. Косата ми беше природно виткана. Ја растев за да ми паѓа на рамена за да можат чупите да си играат со неа. Обожаваа да ме чешлаат. Единствената молба до сèвишниот ми беше да не се расипе селскиот грамофон и на комуњарите да не им текне да го затворат домот во кој секоја вечер се организираа игранки. Што се однесува до мојата поширока општествено политичка активност, таа беше насочена кон бранењето на честа на селото во летните фудбалски пресметки со соседите. Се ближеше неделата и првиот натпревар со Колецнац. Во оваа смисла имав голема одговорност, бев капитен на нашата екипа. Поразите се доживуваа како природна непогода, победите го креваа моралот на орачите, на овчарите, пиперкарите, јаболкарите и на неколкуте чиновници од седмиот ешалон на општинската власт. Во овој колективан чин беа турнати и жените, од бабите до младите невести, моми и момички. Селската фудбалска екипа од секогаш имаше и интерконтинентално значење бидејки во неа играле и многу нашинци кои својот кувет го трошеа далеку од родното село. Првиот натпревар беше важен и поради новите дрсови и копачки што ни ги испрати еден нашинец од Австралија. Приказните за него се сведуваа на констатацијата дека бил најдобриот центархалф на сите времиња. Тој кај удирал, удрено било. Бидејки играв на истата позиција, одговорноста беше уште поголема. Секој мој потез беше споредуван со неговиот. Честопати нашинецот го чувствував ко сенка која ми го крие лицето. Но, батали се, најважни беа

чупите кои врескаа покрај аут линијата и кои ги скандираа нашите прекари. Ние, немавме имиња, си ги носевме како мрсни дамки нашите прекари. Се разбира секој прекар си имаше историја, која потазе, која стара прастара. Името како име ништо не кажува, но прекарот... Е, тој има месо, има приказна, има конкретна слика која се гледа од прва. Ако си црн, тогаш си гавран.. Во екипата играа Галици, Гаврани, Рачкари, Норчиња, Голичари... такви некои егзотични имиња.

• • •

Над сите приоритети, како на закачалка, стоеше обесена чупата која вчера слезе од селскиот автобус. Тајната за неа издржа само еден ден. Сите фраери веќе ги имаа потребните кординати: Верица; од Скопје; срудент на правен; далечна роднина на стрина Спасејца; брза на јазикот; дива; убава; сака откачени типчиња; ги обожава Бителси; просолзува на француски шансони; сака да се дружи со интелегентни и начитани типчиња. Сите кординати ги фатив, ми требаше стратегија. Што друго ако не неделниот натпревар со Колецнац. Се надевав дека ќе победиме, а единствениот гол ќе го втерам јас. Вечерта, пред натпреварот, цел сон го посветив на голот, на реакцијата на публиката... Тука, некаде беше и Верчето. Воздржано, но и предизвикано да го запознае голгетерот и капитенот на Нидупец.

И бидна недела. И бидна 16 часот. Новите дресови светнаа на нашите млади тела, копачките со гланц нови крампони се качеа во тревата како во потквас. Игралиштето во Колецнац беше на средсело. Од едната страна домот, спротивно сливите и нивите со пченка. Зад едната статива патот кој води кон езеро, зад другата ливади. Свирна судијата, почна да се тркала топката. При секоја акција во која учествував, погледот го фрлав на кај Верчето. Ги фаќав нејзините реакции како низ мрежа за комарци. Фудбалската топка ја мачевме повеќе од саат време. Некаде при крајот корнер... Топката падна во шеснаесетникот на Колецначани. Како маѓепсана потскокнуваше ваму таму.Невидена турканица и наеднаш како да им подизбега на сите и ми се намести на десната.... Замавнав...Гоооол! Се собра цела екипа околу мене. Ме кутнаа на земја. Ме избацваа. Влезе пупликата на Нидупец, ме крена на раце, ме однесоа под сливите. Ми дадоа лимонче за да ми се врати куветот. Едно детенце ми тупна в раце чоколатче животонско царство. Додека трчав накај центарот на игралиштето, го напикав

чоколатцето в уста, ја ѕирнав и сликичката... Орел! Знаев дека ќе победиме.

Вечерта во селскиот дом бевме главни ѕвезди. Сите сакаа да не допрат, да скршат по троа муабет, особено со голгетерот. Ме излигавија сите чупи и невести. Верчето го немаше. Разочаран некако се довлечкав до бината, начекав едно столче и седнав. Бев капнат и за никаде. Како никогаш ништо да не се случило и да не било. Натпреварот со Колецнац како да беше обична детска игра на некоја полјанка. Згасна јунакот во мене. Се издишав.

• • •

Ден понеделник. Ова, понеделнициве ми беа смрт. Без некоја посебна причина не ги сакав. Не знам, ме правеа депресивен. Но, денот ми почна рано- рано. Мама ми ја обеси волнената торба на рамо и тргнав по куќи да ги собирам воловите и кравите за на пасење. Се собраа околу стотина, ги истерав до над село и тргнаа да пасат по ливадите. Полн со мрза, едвам некако се искачив до кај манастирот, кај двете црнички. Оттука нагоре почнуваше густата букова шума. Се оптегнав под поголемата црничка, ја ставив торбата под глава и загледан во езерото си правев бајрам со умот. Демек за брзо ќе се реатосам од ова воловите и како млад и надежен комунист ќе фатам важна канцелариска сенка во некоја државна институција. Од филмот ме извади една крава која веќе стигнала горе, кај црничките. Ја помириса торбата, ме подиспули малку и мене и си замина. Бев несреќен што ми го скина филмчето. Долу, реката жубореше. Како да ме викна. Слегов полека по патчето кое ме донесе пред големиот камен пред кој се виреше водата. Се наведнав и ја искиснав главата. Седнав на каменот, горе, како на престол. И по неколку секунди како да ми се посла цел живот пред мене. Животот околу мене, јас во средината мал како зрно грашок. Сите мои обиди да потпорастам се пртвораа во малеење, малеење... ме снема во шкембите на животот. За два дена ми беше роденден... 21 години.

Сонцето ја помина планината. Мојата сенка порасна и го покри вирот. Ми требаше нова мисла, нешто да ме разгали. Ми требаше свежа, тазе приказна која ќе ме држи барем неколку дена.

“Верица; од Скопје; срудент на филолошки; далечна роднина на стрина Спасејца; брза на јазикот; дива; убава; сака откачени типчиња; ги

обожава Бителси; просолзува на француски шансони; сака да се дружи со интелегентни и начитани типчиња.”

Муабетите наши, селски, директни, јасни, прецизни… Ми се врати расположението. Воловите и кравите ги заборавив. Почнав да кројам планови. Планови... моите планови. Значи, вечер на игранка, кошулата со цветчиња, ѕонарките, поткренатите чевли... косата ќе ја измијам со брезов шампон, брадичето ќе го средам... Се подразбудив кога чув глас, женски глас. Да чуев рикање, ајде, ама глас, сега и овде... во ова време. Помислив на волнената торба во која имаше две варени јајца, главица кромид, пржени белвици и леб. Ако ми ја украде некој, а? Но, умот почна да ми констатира: самоуправниот социјалзам ти ја носи среќата, не треба да ја бараш!... Женски глас... Истрчав, горе, на рамното. Воловите и кравите мирно ја стрижеа тревата околу манастирот. Торбата си беше таму каде што си беше. Наеднаш се отвори вратата на манастирот и... Верица!!! Се посрав!... Од среќа ли, од страв ли... од нешто ли! Немаше каде да бегам. Цело време си го повторував името во себе да не го заборавам. Се плашев да не ме праша како се викам и да не знам да и одговорам. Почна да ми се доближува. Застана. Скриена насмевка.

- Голгетерот на Нидупец.
- Голот ти го посветив тебе, но те немаше на игранка.
- Женски работи... ме болеше стомакот.
- И, како си ти?
- Малку рекреирав. Трчкам по малку секој ден. Навика.
- Спортистка?
- Тренирав трчање, но сега само, онака, рекреативно. Му се посветив на факултетот.
- Владимир, како Владимир Илиќ Ленин, водачот на големата Октомвриска револуција.
- Верица како ... Верица!
- Верче...
- По секое удирање на топката погледнуваше во мене. И јас ти го фатив погледот, но и многу други девојчиња од селото. Со една се запознав. Ми кажа се за тебе, ми кажа дека ти била актуелна девојка.
- Да е само таа?
- Значи, има и друга.
- Има. Сите девојки в село се заљубени во мене. Не можам да престигнам, распродаден сум ко кромид арпаџик.

- Имате некоја чудна смисла за хумор.
- Имаме.
- Добро, тогаш, време е да потрчам уште малку.
- Трчај!
- Воловите?!
- Пасат трева. Знаеш дека не сум јадел, а?
- Не, благодарам...
- А, да пробаше од црничките?
- Пробав.
- Верица...
- Кажи?
- Голем тремаџија сум, но денеска не знам што ми стана. Ми се допаѓаш.
- И?
- Очекував да ... не е важно, заборави.
- Заборавив...

Верица за минута две ми се изгуби од видикот. Останавме јас и Сивче како посрани сред ливадата рамна ко тепсија. Вербата во самоуправниот социјализам ми се разниша, та помислив, можеби, за типчиња како мене, како измислен е трулиот капитализам. Ми се врати фотографијата што ми ја испрати мојот братучед од Америките. Со едната рака поднавален на црвениот кадилак, а во другата му чади пура. Да го имав кадилакот... Чекав да падне сонцето зад Галичица, да ги соберам воловите и да се пикнам во моето одајче. Да се растурам од плачење.

•••

В село имавме неколкуниви посадени со јаболка. Пустите, одвреме- навреме требаа да се прскаат со разноразни отрови. Магарето ја влечеше машината за прскање, а јас вртев околу јаболката ко мува без глава. Мама ме пречека во дворот со сапун и со чаша млеко. Се измив, го испив млекото и седнав на триножникот. Бев папсан. Исцеден ко лимон. Не од прскањето. Не сум спиел две ноќи. Знаете зошто?... Верица. Мама ми тутна некој динар в рака и си замина. Решив да купам нешто благо, шампон за коса и да одам на езеро. Да се измијам и да ми се тргне ова мирисот од отровите. Брадичката ми беше порасната... се мислев дали да ја бричам. Тргнав. Во селската продавница немаше никој. Купив што купив и тргнав кон езерото. По

пат си го враќав разгоорот со Верица, горе, кај манастирот. Имав чувство дека малку се правев петел и дека, можеби, не е време за многу курчење.

Селската плажа вриеше од млади. Моите другари, девојчињата селски и... Верица!... Сама, легната на плеки, со книга в раце. Црвените корици како да... знаев, француските надреалисти. Истата книга ја видов во станот на едни мои роднини во Скопје. Ми ја дадоа да ја читам. Полека се доближував. Како на сцена. Сите погледи беа свртени кон мене. Ги чувствував на грбот ко вошки на куче. Од пристојна одалеченост подвикнав...

- Бретон или Аполинер?
- Аполинер!
- Има една песна со наслов Џорџија... Сакаш да ти ја прочитам?
- Токму сега ја читам.
- Слободно?!
- Седни... Социолог, а чита поезија. Шокирана сум.
- Сега го читам Достоевски. Ако си го читала Идиот, идиотот сум јас.
- Виктор Иго...
- Ванчо Николески.
- Чудно типче си. Од Бретон, Достоевски, Иго, стигна до Николевски. Не те разбирам.
- Помислив на волшебното самарче. Имаме магаре дома, затоа.
- Не знам зошто, но почнуваш да ме нервираш. Ако постоиш уште малку до мене ќе си заминам дома.
- Се извинувам... еве, си одам.
- Не, врати се... Овде, кај вас, љубовџија до љубовџија. Петмина се сменија до сега.
- Така ли?!... Ко на пазар, а?...
- Онаа, твојата, трипати дојде и ми кажа дека ти била девојка. Добро, што луѓе сте... Еден ми понуди да ме носи на островот, оној црниот ми се нудеше да ме учи да пливам... Очекувам некој и брак да ми понуди.
- Верче, не очекувај од мене нешто слично. Поинаку те доживувам.
- Како?
- Две ноќи те сонував и око не исушив . Плачев, во сонот, од тукутака ко ненормален. ПомириснИ!...Смрдам на отрови, на

магарешка пот и... не е важно. Одам да се измијам. Се надевам дека ќе ми се врати сонот.

Се стрчав кон водата. Да се подоладам. Да ги прашам брановите што да правам. Да им ја оставам мојата збунетос, та кога ќе стигнат кај карпите да ја парчосаат.

•••

Не собраа во делот од селскиот дом што го викавме читалиште. Божем некогаш во тоа просториче имало книги. Тоа беше една неугледна просторија со под од штици, со неколку долги свадбарски столови, маса и горе, на ѕидот, обесена сликата на водачот. Паролата испишана на платното под сликата не се читаше. Го видов сериозното лице на секретарот на нашата селска партиска организација. Едно стресено чиновниче на кое токму партијата му обезбеди лагодна работа во Заводот за вработување. Сите го препознаваа по новото бело фиќо.

- Ве примивме во нашите редови за да се подмладиме и за да внесеме свежа крв во партијата. А, вие?!... Уличари!... Сте го демолирале кокошарникот на нашиот сопартиец, на Крстина. Јагнето на Петревци сте го печеле, овде, во читалиштето. Не, не, не сакам приказни. Ве собрав за да ви кажам дека како што ве примивме, така и ќе летате од партијата. Состанокот заврши.

Не бев замешан во ништо и како малку да ми беше полесно. Но, другите се разотидоа без збор да кажат. За првпат почувствував нешто што беше неодредено, како да се подуплашив, како да сватив дека... Никогаш не сум се преоптоварувал со членството, дури ни црвената партиска книшка не знаев кај сум ја пикнал. Наеднаш строгост, заканувања, нешто што ми беше многу далечно и туѓо. Седнав под оревот на Томовци и мракот што го покри селото како да ги покри сите мои очекувања од идеата водилка, од партијата во која влегов на инистирање на татко ми. Ми доаѓаше да му одам на чиновничето дома и да го потсетам дека сме млади, дека понекогаш грешиме као што грешеле и тие кога биле на наши години. Првата помисла што ми прошета низ глава беше: Да ми го бричат, ама јас повеќе не играм за Нидупец. Нешто како да ми мрдна во стомакот. Станав нервозен. Скокнав и се упатив кон селската продавница. Истурив две пива во грлото. Продавачот, мојот сосед Петре, нешто како да ми го фати филмот...

- Курле, некој те изнервирал, а?

- Не, ручав месо, мама го пресолила.
- Мижи да ти баам. Ве собра она чурилчето и ве искара.
- Си ебало мајката, ни ги стресе, да ме простиш!
- Види, види, петлето скока по авлиите и кукурика. Подсобери се маку и немој да го срамиш татко ти. Од 43 е во партијата.
- Знам...
- Прибери се дома... И јазикот за заби!

Дури сега ништо не ми беше јасно. Ми се пристори дека цело село знае за состанокот.

- Утре играме со Кобалец. Наспи се и да ги прегазиме како со воз. Ако постигнеш гол, имаш пиво од мене. Да не си помислил да не играш!

Истрчав од продавницата за да не ми се испушти нешто што не треба. Се затрчав и застанав дури кај мостот на Пајковци. Од куќата карши мостот се слушаше музика. Бителси!... Седнав на столчето поставено пред влезната врата. Музиката на четворката од Ливерпул како да ме врати во мојот филм. Верчето! Колку би било убаво да е тука, до мене и заедно да ги пееме песните на Бителси. Баладата ме докрајчи, просолзив. Светот и ние. Вријат градовите, светските метрополи, а јас седам овде и ме караат како прваче.

- Добровечер!
- Верче!
- Сам...
- Осамен и тажен!
- Тагата ти е како џокер. Ја вадиш од џебот и кога треба и кога не треба.
- Навистина сум тажен... Слушај!
- Бителси.
- На една фотографија ептен личам на Макартни. Една ми е инаку ќе ти ја дадев.
- Собирам поштенски марки.
- Ти се оди на игранка?
- Не, ако ми се одеше ќе бев таму.
- Ти се оди некаде...
- Ми се оди... На езеро!
- Сега, ноќе?
- Зошто?
- Не, онака... Не носам гаки за бањање.

- И јас... Но, носам гаки... Навистина не те разбирам. Тажен, осамен и размислуваш...
- Каде?

Тргна. Го фати патот кој поминуваше низ село и кој наеднаш се спушташе надолу кон езерото. Земјен пат, со многу камења и дупки, од двете страни со трња, сливи и висока тева. Тргнав и јас. Чекорев полека. Знаев дека ми ги брои чекорите, но забрза и за минута две ми се изгуби. Морам да ви признаам дека ваквото однесување многу ме нервираше. Но, бев сигурен дека хемијата прорaботи. За првпат почувствував нешто чудно, необјасниво со зборови. Сеуште покажував нервоза, инает и не се затрчав да ја стигнам. Одев полека, нога за нога. Кога стигнав на плажата, кај двете сливи со крошни како чадори... застанав. Погледнав наоколу, неа ја немаше. Тишината ја параше по некое крекање на жаба, глас на птица кој ми доаѓаше од кај трските. Брановите удираа рамномерно во песокот, во камчињата и во неколкуте големи камења. Верица како да пропадна в земја. Сакав да викнам, но нешто ми велеше дека викањето ќе ја расипе оваа мистична слика. Месечината излезе од под еден облак. Во исто време од под еден бран се појави Верчето. Втора месечина оваа ноќ. Почна да чекори, да излегува од водата. Гола, како од мајка родена. Ми заличи на Натали Вуд. Ми се пристори како да гледам сцена од некој филм. Верица излезе од водата. Блазеси им на капките кои се лизгаа по нејзиното тело. Се наведна и почна да собира суви трски расфрлани натаму наваму... Стоев како кип, подзинат и уплашен. Почнав да се тресам како да имав 40 температура. Не ме ни погледна. Извади запалка и ги запали сувите трски. Уште седев на истото место, но и да се обидев да тргнам, не ќе можев. Нозете ми откажаа, устата почна да ми се суши, ми се пристори дека ќе се акнам на песок ... Почна да се облекува. И ја видов главата како и излегува од отворот на летното фустанче. Трските во меѓувреме изгореа. Тргна кон мене. Ми ги префрли рацете преку рамениците и страсно ме бакна. Се сврте и си замина. Како ништо да не било. Сакав да викнам: Те сакаааамммм!... Глас не излезе од моето грло. Ми требаше плунка. Седнав на песок и погледнав во месечината. Ми се пристори дека се смее, дека ми се потсмева. Ја опцув и се оптегнав колу што сум долг и широк. Гласот на птицата кој доаѓаше од кај трските ме смири. Имав друштво, не бев сам.

• • •

Натпреварот со Кобалец го игравме на нашето фудбалско игралиште. Тоа беше ливада убаво покосена, со две стативи и одбележана со гасена вар. Димензиите беа речиси како и на сите игралишта. Веќе бевме по дресови и шутиравме кон голот на кој беше застанат нашиот голман. Чекав ред за да дојде фудбалската топка до мене, а во меѓувреме гледав во публиката. Таму, некаде кај двете врби ја видов Верчето . Ме имаше фатено некоја невидена апатија, та помислував и да се облечам и дресот да му го дам на Драги. Тој пополнуваше дупки во нашата екипа. Но, ми се пристори како да ми крена рака... Верчето. Решив да играм. Бидејки вечерта не спиев, игравме карти цела ноќ, кондиционо бев на издишување. Конечно се дотркала до мене кожниот фудбал. Замавнав и ја погодив пречката. Топката удри долу, во тревата и влезе во голот. Чув ракоплескање и скандирање на моето име. Потоа притрча Менчето до мене и ми даде бомбонче. Го ставив в уста и почувствував вкус на лимон. Како да ми се врати куветот. Менчето?!... Тоа беше девојчето кое цело село го имаше запалено дека јас и сум саканиот. Отворено, на сите им кажуваше. Беше гимназијалка, последната година ја тераше. Само еднаш заедно бевме кај нејзината цреша и тоа беше. Од каде јас нејзиниот сакан никогаш не ми стана јасно. Но, многу, многу не влегував во муабети, се правев на удрено. Не сакав да ја навредам, да и го расипам филмот.

Конечно се чу свирката на судијата. Заврши почетната церемонија, топката тргна од центарот. По првичното испитување на силите... почна вистинската борба. Неколкупати бев несигурен, но, некако се среќно заврши, не дадоа гол. На полувремето, повторно ми пријде Менчето. Ми тутна в раце половина чоколадо и избега. Од благото како да ми се врати толку потребната свежина. Погледнав кај врбите... Верчето го немаше.

И во второто полувреме играта беше брза, груба, со многу нафрлувања пред головите, но шанси немаше. По еден старт се најдов до судијата. Го прашав уште колку остана за играње, ми рече нецели шест минути. Дотрчав до нашиот центарфор и го замолив да ги смениме местата. За чудо се согласи. Инаку беше табиетлија и незгоден. Колку што го поминав центарот на игралиштето, добив топка од нашиот халф, едно многу јако и издржливо момче кое по завршувањето на осмо одделение остана в село. Ја примив топката, му ја вратив на халфот и тој некако ја довлечка до противичкиот шеснаесетник. Бев десно и му подвикнав да ми ја подаде топката. Се обиде да ми ја истркала, но удри во еден противнички играч,

потскокна, уште два пати на сувата трева и... толку! Крвнички ја зафатив, та голманот на Кобалец само стигна да погледне на која страна му профучи. Гооолллл!... На нашето игралиште експлодираа три тони емоции. Публиката влезе во теренот, ме кренаа на раце и ме изнесоа надвор од теренот. Радоста траеше сигурно повеќе од пет минути. Судијата едвам успеа да не собере. Поигравме уште малку, им дадовме уште два гола... крај! Толку бев исцрпен, папсан, за никаде... ги собрав алиштата и се обидов да најдам некое возило за да се изгубам од оваа лудница. Видов едно фиќо како враќа рикверс и колку што тргнав, пред мене застана Верчето.

- И мене да ме хранат со благи работи ќе давам голови како од шега.
- Па, нели таа ми е девојката... веројатно многу ме сака и ... Верче, ај кажи нешто друго, те молам!
- Добро де, се шегувам. Само, навистина голчето беше... Си требало да играш фудбал, а не да студираш.
- Требало...
- Изморен си?
- Многу.
- Со велосипед дојдов. Нема да ти биде срам да те повозам малку?
- Ајде...

Како не ми беше срам, ми беше. Сите гледаа во нас и простачки дофрлаа. Верчето се однесуваше како ништо да не слуша и да не гледа. Но, моите, беа упорни. Си ги тераа нивните заебанции. Таму, некаде, во средината на гужвата, Верче закочи, слезе од велосипедот, ми го фати лицето со двете раце и ме бакна. В уста, со сите салтанати. Таа ги затвори очите, а јас ококорен ги гледав реациите на моите соселани. За чудо, се засрамија и сите коментари завршија. Ова беше првиот јавен бакнеж во нашето село. Стана предмет на разноразни студии, приказни, муабети... И како што се тркалаше приказната за првиот јавен бакнеж, така на неа се лепеа се нови и понови детали. Се разбира, секое чудо за три дена, кај нас чудата траат и по некоја недела. Важно, пораснав во очите на селските курајбери, швалери, љубовџии и ебиветришта. Го сменија односот кон мене и при секоја средба ми ја покажуваа почитта што ја заслужив.

Вечерта ни беше редот за вадење од селската река. Во некоја врагија пипер или во некој ред компири ја оставив возбудата од последната средба со Верчето.

•••

Средба со татко ми. Четири часот наутро. Колку што влегов во дворот, тој се појави на врата. Одеше рано на работа со селскиот автобус. Ако имаше човек од кого се срамев, човек кого почитував и човек кого неизмерно го сакав... тоа беше тој, тате. Го бакнав, застанав пред него ко војник и погледот го спуштив долу. Очекував да ме кара, да ми се развика... Се насмеа, ме гушна...

- Малку како да претеруваш, а?!
- Да... претерувам.
- Не е добро за здравјето. Блед си ко крпа.
- Знам.
- Те моли тато, оди касни нешто и легни. Ќе се вратам и ќе и кажам на мајкати да не те буди рано.

Бев шокиран. Влегов во готварницата, стоплив млеко и го надробив со леб. Едвам некако го изголтав јадењето и отидов да си легнам. Уште една ноќ изгубена без врска, со картите в раце и со купиштата испушени цигари.

Станав околу пладне. Дома никој немаше. Мама сигурно отишла на нива. Седнав под сенката на летното јаболко. Од глава не ми излегуваше татко ми. Секој ден одеше на работа со автобус и секоја вечер се враќаше папсан. Од платата и од јаболката упорно настојуваше да завршам факултет. Никогаш не ме оптоварувал со сиромаштијата. Никогаш не ми рекол дека треба да работам нешто. Само срам да не сум му носел дома. Се сеќавам кога ми купуваше костум за на матурска. Очите ми се залепија на еден со риги. Беше скап, чинеше колку два други. Собираше рамење, но ми го купи. Само тогаш го облеков. Пак паднав во таа моја чудна депресија. Од неа ми се сечеа нозете, ме фаќаше некоја необјаснива тага... немав желба за ништо. И за да не заглавам во некои чудни состојби, му го опнав самарот на магарето, зедов фортома и секира и тргнав по дрва. До над село му бев качен на магарето, кога почнаа нагорнините слегов, го пуштив пред мене и продолжив да го газам патот. Горе, на Глата, така го викавме местото со дабова шума, седнав да соберам душа. Го врзав магарето... пред тоа. Шумата ми беше лекот за се. Ме опушташе, ми дозволуваше да си ги испразнам горчините, да се средам, да ми е убаво, да мислам на ... Верчето!... Бакнежот, првиот јавен бакнеж кој во Нидупец стана порно серијал.

•••

Повторно имав проблеми со сонот. Станав рано, се измив на чешмата што ни беше во дворот и тргнав кон готварницата. Влегов внатре за да каснам нешто... Мама седеше на каучот и плачеше. Првпат видов некој да плаче во нашата куќа. Се обиде, кутрата, да се скрие, не успеа. Седнав до неа. Мама со години беше и маж и жена во нашето семејство. Бидејки се стигнуваше, никогаш не сум се прашал дали и е тешко на оваа жена, дали... Не знаев како да се однесувам, што да ја прашам. Молчевме. Мамичка се среди, стана и во тавчето стави сало. Кога се стопи фрли две јајциња. Ги посили, им стави малку буковка и ми сервира појадок на маса.

- Ајде да јадеме заедно.
- Не ми се јаде, јадеше мама.
- Плачеше...
- Ми дотежа, како на секој жив чоек.
- Да не ти згрешив јас нешто?
- Не, бе, срце мајкино, се скаравме со татко ти.
- Зошто?
- Цело село се измокна по америките, по австрајлиите... Сите му се таму, во Америка, браќата... Тој се запнал за нивите, за волојте, за бавчите. Ти во Скопје под кирија, ако ми завршиш факултет пак под кирија, пари нема од никаде... Се обесивме на кондуктерското плате на татко ти и на јабоката. Ама, јабоката сакае мож, сакае пулење, прскање, вадење... Комунист бил, му било страм да тргни некаде. Се борел за оваа држава. А, ете, сите што се бореа сјојдоа, станаа љуѓе. Стрико ти Петре, веље имал ресторан, станал богат. Чоеко стално ни пиши, сака да не земи тамо. Овој, нашио, ги опрел нозете и не сака да чуе.

Мама... просолзи и си замина. Ми остана јадењето в грло. Не знам, ама нешто како да ми се смене, некое штравче во мозокот како да ми се помести. Почнав да размислувам за работи кои никогаш не сум ги ставал на ум. Како да станав десетина години постар. Ми се отвори еден нов панцер, животот ми се отвори заедно со многуте прашања. Што?...Каде?... До кога?... Не сакав да избирам страна. Си ги сакав и двајцата подеднакво. Бидејки имав голем проблем со контрола на емоциите, истрчав надвор и ја побарав мама. Таа, со вила ја чистеше

плевната од лепешките на Калинка, на Сивчета, на Мајанка и од фушките на магарето. Влегов внатре и ја грабнав вилата...

- Мамо, оди дотерај се и излези докај соседите, јас ќе го извадам гнојот.
- Ама, мамичка...
- Нема, ама... Оди!... Те молам, оди!

Кога излегов од плевната, кога го видов купот гној во дворот, сватив колку и е тешко на мама. Секое утро се бореше со воловите, секое утро цепеше дрва за в шпорет, секое утро ги броеше кокошките и пилињата, секое утро приставаше манџи за ручок, секое утро ја зачистуваше куќата... После в нива, компирите, пиперките, патлиџаните, мисерката, гравот, јаболкниците... И на вечер насмеана требаше да го пречека татета и да ме испрати мене за да ги мерам улиците и да се тресам во домот како нетокму. Врската со Верчето, во овој контекст, ми стана толку неважна, толку обична... Излегувањето в село, играњето карти, тегнењето на плажа, глупирањето со фудбалот, факултетот... немав желба за ништо. Наеднаш како да остарев. Седнав на триножникот и божем се обидував да најдам одговор на сите прашања. Ми се вратија зборовите од писмото на срико ми кое го читав пред една недела. Ни кажуваше дека има и за леб, и за облекување, и за луксуз. Ни кажуваше дека купил нова куќа со гаража, со двор... Му купил кар и на братучет ми и дека прошетале до кај некои роднини во Детроит. Братучедот беше мој врсник. Ко деца заедно растевме. Едвај научи да чита. Сега вози нов автомобил... На сликите ми личеше на Марлон Брандо. Се разубавил, станал ко глумец. А, тука, в село, седи на троножникот и бери гајлиња Џемс Дин. Се радува што му дале книшка, што има самоуправување и што фабриките се во рацете на работниците. Џемс Дин од Нидупец го троши талентот на гнојот од плевната и спушта завеса на двепарачка претстава во која статира. Статистот ненајавено си доби друштво.

- Те нема?!
- Верче!
- Се изгуби... Да не си болен?
- Не, го вадев гнојот од плевната и малку да се одморам.
- Не одиш на плажа?
- Рано ми е... А, ти?
- Сега е најубаво, нема никој... Доаѓаш?
- Не сум расположен... Ај да не ти го расипувам денот!... Темен сум ко мрак.

- Се гледа... Мислев ќе се израдуваш што ме виде и што...
- Верче...
- Кажи?!
- Оди!... Да се средам малку и ќе дојдам.
- Те чекам!

Да се средам?!... Посреден никогаш не сум бил.

•••

Сонцето немилосрдно удираше в теме. Го влечев магарето по мене. На него му беше време да се напие вода, мене ми стана навика прошетката до нива, до езеро и назад. Пред да излеземе од високата трева и колку стапнавме на песокот, пред мене се иступурчи главниот на партијата, костумосан како за на свадба.

- Разбрав убаво си го туркал факултетот. Да знаеш дека ја имаш нашата подршка.
- Каква подршка? Да не учи некој за мене, а?
- Див си многу. Те толерираме поради татко ти.
- Поради кого?
- Тако ти, тој е наш човек.
- Татко ми е татко ми, јас сум јас. Тате нема врска со моите определби, со моите ... Не знам, ама, морам да ти кажам дека ме нервираш. Нели е подобро да си се свртиш кон твојата фамилија и да не оставиш раат.
- Некои работи не ти се јасни. Ќе треба да одиш војска, а таму првин прашуваат дали си член на партијата.
- Значи, за тоа ми треба книшката за да ми биде полесно во војска?!
- Ќе треба да се вработиш... Добро, татко ти не ти кажувал ништо?
- Не.
- Е, па, еве, ти кажав и тоа што не е за кажување.
- Дали си и го кажал овие работи на ќерка ти?
- Зошто?
- Не знам. Или не ги разбрала или... Добро, женските не одат во војска.
- Сакаш нешто да ми кажеш за ќерка ми... Дури сега работата ич не ти чини.
- Знам.

- Биди до крај отворен кога веќе ми се правиш петел.
- Ќерка ти нема усул. Кого ќе стигне превртува. Сега шири братство и единство со еден војник од Србија.

Типчето побледи, ми фрли неколку заканувачки погледи и се изгуби во високата трева. Не знам дали магарето разбра за што зборуваме, но се напна и почна заразно да рика.

До вечерта муабетот стигна до ушите на татета. Беше нервозен, шеташе во готварнцата ко војник пред стражарница. Бев стокмен за на игранка, ми остана уште косата и брадата која ја дотерував на стаклото од пенџерот. Излезе тате, ме фати под рака и ме покна во готварницата.

- Никогаш не сум ти се мешал во ништо. Но, мора да знаеш дека си претерал. Понекогаш некои работи треба да ги премолчиш. Ме стави во многу тешка ситуација.
- Извини... Чоечето ме нервира.
- И јас не сум се согласувал со многу работи...
- Тате, со книшката може да се слика и тој и сите други. Гледам работи кои до вчера не сум ги гледал. Знаеш кај живеам во Скопје?
- Не знам.
- Во подрум, тате. Мириса на нем, на влага и на туршија. Веленцето што ми го даде мама не е испрано пет години. Знаеш ли што јадиме?... Манџи што не ги јади ни Шарко наш. И некој ми држи предавање, ми трие сол на глава... Пиши му на стрика и да се мафтосаме оттука.
- Немав намера да те нервирам... Ти требаат пари за излегување?
- Не.

Тргнав. Бев толку нервозен, со игла да ме дупнеа крв немаше да излезе. Се довлечкав до селскиот дом, влегов внатре и седнав на првото столче до кое се допрев. Разгледав наоколу. Истите муцки секоја вечер. Колку што сакав да станам и да си заминам пред мене се иступурчи Мара на партискиот. Нашминкана како за на телевизија, црвениот кармин и ги покрил и предните заби...

- Од кога почна да се интересираш за мене, а?
- Отсекогаш, само ти од ремен не ме удираш.
- Си ломотел нешто, знаеш ми ја стреси.
- Има кој да ти ја треси, братот србин. Гледам и ѓердан ти купил, од ламарина. Вади го пред легвање, ќе те удави.
- Ѓердан, ѓердан, ами ништо!... Онаа, скопјанката...

- Што, таа?!
- Сакала гола да се бања ноќе. Ќе и настини газето, носи и риза.
- Стигнаа муабетите до тебе. Е, убо, сега сите села до Ресен знаат. Ај, тргни ми се од пред очи да не ти акнам една меѓу рогови... Ѓитла!
- Тепачот се изнервира. Добро, отидов. Само не а пикај глаата кај не ти ја бери...

Отиде да го бара војничето. Тргнав да си одам. На врата Верчето.

- Каде?
- Ми се повраќа.
- Се шегуваш?
- Да. Ќе прошетам малку. Партијата ме ангажира да ги чувам селските кокошарници.
- Изнервиран?!
- Многу.
- Тргнувај!

И тргнавме. Јас напред, таа по мене ко анамка. Поминавме неколку улици со начичкани кучи. Кај чешмата свртивме лево. Го изодивме патчето, ја скокнавме реката и пред нас се отвори просторот кој сите го нарекуваат Разливаа. Тоа беше, всушност, голема ливада на средината со дрво горница. Не знам зошто, но ова место многу го сакав. Многупати, кога доаѓав од лозјето со мотиката на рамо, седнував под горница и собирав душа, И оваа августовска ноќ дојдов токму тука да соберам душа. Седнав под горницата. До мене седна Верчето. Едно време молчевме.

- До кога ќе молчиме?
- Не знам... Се плашам да почнам и целава работа да не испадни заебанција. Погледни во небото. Сакаш да и украдам насмевка на месечината?
- Ти си бил и поет.
- Што ќе посакаш, тоа сум. Пред некој ден ме навали сон и, замисли, исонував една песничка посветена на тебе. Не ја запишав, но, не е важно, снимена е.
- Снимена?
- Тука... Роса ли си, што ли си?!... Колку што те допрев, те снема. Нема ни трага, ни глас, само отворена дланка...
- Владимир!
- Кажи?!
- Од каде да почнам?

- Од почеток. Знаеш што, немој да вртиш, биди директна. Ми се лоши од преправања, од... Ајде да се отвориме докрај. Нешто како да глумиме, да се преправаме, да се надмудруваме... Зошто?
- Те сакам.
- Молам?!
- Многу те сакам.
- Верче!
- Многу, многу, многу, те сакам.
- Избрза.
- Па, нели сакаш да не глумиме, да не... Кај си?
- Токмам говор.
- И фатив насмевка на месечината.
- Глуп сум ко тарабука.
- Не да си глуп...
- Требаше јас прв да го кажам тоа што го кажа ти. Признавам, се плашев.
- И јас... Владимир?!
- Една ѕвезда ми рече дека молчењето понекогаш е потежок разговор од сите разговори. Ми се измешаа чувствата. До пред малку немав желба за ништо, цел свет ми беше виновен, сега... Верче, те сакам!

Се расплакав ко детенце на кое сладоледот му паднал на земја. Верчето се шокира. Но, на поетите им личи да плачат.

•••

Верчето од Скопје ми стана главна преокупација. Врти, сучи... Верчето. Но, работите така се наместија, та два дена не се видовме. После разбрав дека седела дома бидејќи роднините и заминале во Скопје на некоја свадба. Нејсе!... Пред портата на куќата во која беше дојдена муабетиме за... ништо конкретно. И го кажував вицот за македонците и за ѓаолите. Се смеевме ко зелени. Едно време се заозбили. Помислив дека ми се налути бидејќи вицот беше мрсен, а и јас малку претерав со потенцирањето на мрснотијаа.

- На вечер ми е страв сама да спијам. Големо куќариште... Синоќа нешто како да ми тропна, се извадив од памет.
- Кога ќе дојдат домакините?
- Утре.

- Не знам што да ти кажам.
- Смисли нешто, маж си или што си!

Пред полноќ повторно седевме пред порта. Без најава, без некаков вовед, ми беше логично, затоа, влегов заедно со неа во куќата. Во таканаречениот дневен престој ме понуди со сок, свари кафе, вчадивме по едно цигарче. Се чувствуваше некаква напнатост, нервоза... молчевме. Чии страв беше поголем не открив, но знаев дека ме очекува... По некое време Верчето се подизгуби и кога се врати... облекла пижами... Ми фрли и мене едни. Знаев дека се на стрика Спасета и не сакав да ги облекувам. Се насмеав и и реков дека и на зима спијам по маица и по гашти. Ме фати за рака и ме однесе во спалната.

- Се тресеш, да не ти студи?
- Малку... И тебе како да ти студи, а?
- Може да се договориме нешто?
- Кажи.
- Без глупости. Легни и ќе си разговараме.
- Важи... Да те покријам и тебе.
- Може...
- Првпат спијам со машко во ист кревет.
- Знам.
- Кој ти кажа?
- Се познава.
- Ти?
- Имам некое искуство, а колку е големо се гледа. Не можам да се смирам, ми играат вилиците како да е  сред зима.
- И мене.
- Пикни се малку во мене... Уште малку... Сега?
- Стави ми ја раката под глава. Одлично се наместив. Ако ти се здрви раката, кажи...
- Префрли ја едната нога преку мојата.
- Сега, пак, ми е топло... да не почнам да се потам.
- Соблечи ја пижамата. Ајде, полека... Поткрени се малку... Оп, готово. Каде да ја ставам?
- Фрлија долу... Што правиш ти?
- Ја соблекувам маицата, зоврев...

- Чекај, што правиш? Ми ја потфати ногата! Нели се договоривме без глупости, а?... Владимир, ги соблекуваш и гаките!
- Да... Те молам не се плаши!... Нема ништо да направам ако не сакаш ти.
- Заколни се!
- Жими тебе!... Дојди да те бакнам.
- Знаеш дека не сакам да ми го пушташ јазикот. Чекај, што правиш?
- Ти ги туркам гакичките. Знам дека те стегаат.
- Владимир!...
- Те молам опушти се. Сакам да ни е убаво. Не мисли на ништо... Ништо нема да се случи. Ајде, легни на мене, стави ја главата на моите гради и... Сакаш вака да си заспиеме?

Заспавме жими лани. Некаде пред први петли се подисправи Верчето, се навали на перницата... Ме погледна. Упорно ме гледаше в очи се додека не просолзи. Не знаев како да реагирам. Молчев...

- Сите планови поврзани со мојата невиност завршија, тука, во куќата на тетка ми... Сакав скапо да ја наплатам... Исправи се и гушни ме. Силно!... Беше многу внимателен и нежен... ти благодарам. Ако ме праша некој: зошто со тебе?... Знам што да му кажам.
- Зошто со мене?
- Затоа што те сакам.

Затоа што те сакам, затоа што те сакам... со денови ми се вртеа овие зборови во главата и како да ми велеа дека... Ништо не ми велеа, се преселив на седмото небо на кое имаше кревет, до креветот чешма, до чешмата расцветана праска, на праската наредени егзотични птици, наоколу ливади послани со цвекиња, таму, подалеку Елки и борови извишени до небо. Јас и Билјанчето фаќавме пеперутки, бркавме мајски бумбари, се дружевме со пчелите и заедно со нив собиравме мед. Малечки човечиња со крилца го боеја седмото небо со боите на виножитото. Сон од кој сакав да не излезам.

•••

Во дворот цепев дрва. Удирав по сувите дабови дрва и се потев ко свиња на августовското сонце. Колку што решив да ја пуштам кофата во бунарот и да извадам ладна вода, до мене се иступурчи

Сашко на стрика Митрета. Беше убаво, стројно момче кое не се дружеше со мангупите од неговата генерација, беше повлечен... Сите го викаа Немтур бидејки требаше со клешти да му вадиш зборови. А, за работник- беше голем домакин. По цел ден нешто чепкаше. Или во дворот , или на нива, водата спиеше тој не. Ќе се појавеше во саботите и неделите на продавница, ќе фрлеше в грло по некое пиво... И секогаш беше дотеран ко паун. Не знаев зошто дошол токму кај мене. Никогаш не сме се дружеле... Не, не бевме скарани, не дај боже нешто да сме си рекле што не треба.

- Треба да одам до Кобалец.
- Сега?
- Сега. Дошло некое чупе од Америка, треба да се видиме. Тета Донка е во Америка, живееле близу. Ми пушти писмо и слика од чупето. На, види ја!
- Ајде да ја видам...
- Ако ме бендиса ќе ме земела во Америка.
- А, значи дошла за мажење. Ами, убо...
- Ми е страв да не е повисока од мене.
- Не ми се верува. Ајде, кажувај! Што сакаш од мене?
- Сакам да ми праеш друштво.
- Како ќе одиме, гумата од точако ми е дупната.
- Тетин Славе ќе ми о дај фичото.
- Добро, да се подзамијам малку, да се ќевердисам...

По едно сат време бевме во Кобалец. Се паркиравме на сред село и седнавме на една маса извадена пред коперацијата. Веќе го тргавме второто пиво. Чекавме да се појави некое детенце за да го распрашаме за чупата. Е, дојде едно... Тантара, пантара, све ни кажа. Ни кажа дека дошла пред два дена, дека е многу убаа... Го тргнав на страна и му објаснив све што треба. А, требаше да оди кај американката и да и каже кој дошол да ја види. Тргна... Сашко го порача и третото пиво. Се обидов да го подготвам за евентуалната средба... џабе, гледаше во мене ко вол и ништо не ме разбра. Фала му на оној горе, се појави детето. Ни кажа дека не сакала да излегува, ако сме сакале да ја видиме да сме отишле, таму,кај неа, пред порта. Ајде, нога за нога, пред порта. Седнавме на ѕидот и чекаме. Една цигара, две, ја запаливме и третата. Толку ми држеа нервите. Станав , ја отворив портата, влегов во дворот... На една платнена столица се оптегнала чупа со ептен долга коса, облечена во американски алишта. На кусото фустанче светеа сите бои и блештеа на сонцето ко во дворот да се послало виножито.

- Се извинувам, ми треба Сандра.
- Јас сум Сандра.
- Од Америка?
- Ја, отамо. Кој си ти?
- Пријател на Сашка од Нидупец. Надвор е, сака да те види.
- Стана, ја подотвори портата, ѕирна...
- Има твоја слика...
- Знам.
- Што да му речам?
- Ништо.
- Како, ништо... дојде специјално за тебе...
- Не е мој тип.
- Не е... Добро... А, какви типови обожаваш за да знам со кого да дојдам утре.
- Даречеме како тебе...

Се изнасмеа американката, а јас ко издишан се вратив кај Сашка наш. Толку беше. Се вративме в село, не му беше лесно ни на Сашка, ни мене. Морам да ви признаам малку се изнервирав, ме погоди нејзиното однесување. Божем ние сме обичен бостан и дошла да бира. До вечерта неможев да се ослободам од таа мисла, ми тежеше ко гној на дупнатата петица. Ај, друго, тука на вечерта, пред селскиот дом, од еден автомобил истрча Верчето, ме бакна и ми кажа дека дошле нејзините и дека заминува за Скопје. Не стигнав ништо да и кажам. Влегов внатре, во домот. Седнав на долгата столица која почнуваше од кај бината, а завршуваше кај ѕидот на кој беа испишани имињата на нашите водачи. Ниту сликата на Тито не ми го врати расположението. Се менуваа хитчињата, вртеа грамофонските плочи. Аба! Почна нешто да ме поткрева. И покрај тоа што не знаев за што пеат, почувствував некоја тага... Сватив колку го сакам Верчето. Бев тажен и за никаде и за да не покажам слабост пред другарите тргнав да си одам дома. По неколку чекори... удрив во нашинката американка од Кобалец. Како ли ја викаа?!... Сандра. Не беше нешто за да паднеш на газ, ама не беше ни за фрлање. Седеше пред мене и ми ги покажуваше белите заби.

- Научив се за тебе. Се знаеш со братучетка ми?
- Се знам... А, што научи за мене ако смеам да знам.
- Студираш во Скопје, играш фудбал и пред малку ти замина девојката заедно со родителите.
- Браво!... Уште нешто?

- Во мојата соба, во Детроит, има голем постер од еден тамошен глумец. Многу ми личиш на него. Ние одиме за Отешево, ако сакаш...
- Ми кажа набрзина многу работи, а најважното го прескокна.
- Што сум прескокнала?
- Колку што се сеќавам, денеска висевме пред твојата порта... Кога влегов во дворот се однесуваше како да си го фатила господ за... за јајца! И, сега, овде, ми кажуваш приказни. Си се заебала ако мислиш дека оваа вечер ќе ја поминеш со мене.

Нашината остана подзината, а братучетка и се зацрвени во лицето ко ѓуљабија,

- Само колку да знаеш дека сите чупи те мразат. По безобразно створење од тебе нема. Те мразам!
- Твој проблем. А, тоа што ми пушташе стројници секој ден, тоа го заборави. Кога ќе имам време и кога ќе сум слободен ќе ти јавам да се најдеме некаде и да те превртам. Ова свати го сериозно.

Братучетка и на американката беше една од чупите кои останаа в село по завршувањето на осмо одделение. Многу сакаа да се дружат со нас, учените. Некако не ни одеа муабетите. Но, чупите наши се снаоѓаа, не беа за жалење. Или ќе си фатеа некое војниче од блиската караула или се мажеа во американките и австралиите на невидено. Доволно беше слика од некој нашинец и белвиците да се фатат на јадица. Таквите работи беа далеку од моето гледање на љубовта, на животот, на... Но, така стоеја работите. Стана мода да се омажиш на невидено. Проработи некоја чудна психологија од која ми се повраќаше.

Верчето важно замина. Другиот ден бев во ногдаун. Колку и да го криев моето нерасположение, тешко ми одеше, се гледаше од месечина. Без неа бев како без нога, без бубрег... Папсав, згаснав како метеор во допир со земјата. Не ми се излегуваше оддома. Седев, горе, во одајчето маглосан и за никаде. Мама ме посети неколкупати, ама, кутрата, немаше сили да се расправа со мене. Ја чекаа полето, бавчите, лозјата, грдината... Третата вечер ете ти го татета.

- Кажи ми што ти е? Болен си?
- Не сум.
- Тогаш?
- Не знам, не ми се излегува. Ме тера на плачење, не можам да слушам гласови... не ми се живее.
- Зошто?... Има причина?

- Не знам
- Кој треба да знае?
- Тате, ќе ми помине, не се секирај!
- Утре се игра најважниот натпревар. Ако победиме сме први, ако не победиме... Цело село е запалено по фудбалот. Сите те чекаат, стани и не биди мочко. Чупи има со лопата да ги риниш.
- Тате, ајде да се истребиме од овде. Нема живот. Овде ми е тесно. Ме разбираш?!... Тесно!
- Не одам никаде. Дедо ти Коле три пати одел во Америка за да купи ниви, да напрае куќа и да стокми ѕегвар за орање. Ако си одиме и ние овде све ќе се испусти. Те учам за да станиш човек, те воспитував во духо на социјализмо, твое е да одбереш.
- Да ми извадиш пасош и бегам за Австрија. Од таму стрико ќе ме земи во Америка.
- Ако ми го напраеш тоа, другио ден ќе се обеса на првата бандера.

Тате се стемни и како да остаре едно десет години. Излезе и ме остави во одајчео што гледаше кон езерото. Тоа ми беше лекот.

•••

Седумдесетите... Ден сабота. Последната сабота во август. Летото го доисцедија жетварите, та сонцето секој ден како да брзаше да се скрие зад Галичица. Се чувствував како без нога. Верчето замина и не ми се јави. Како да бев излажан, како да бев предаден на некој имагинарен непријател, висев. Бев растрган меѓу жетвата, вадењето и прскањето на бавчите, меѓу вечерните излегувања со друштвото и поштарот кој џабе дуваше во тоа трубата како извадена од некој музеј. Ме спасуваше уморот, мојата дарба да си правам филмчиња и сонот во кој јас и Верчето се сексаме на железниот кревет со сламарица во куќата на Петревци.

Последната сабота во август ја трошам во Отешево. На платото на ресторанот посаден покрај езерото денцаат беќарите и чупите преспански. Свират Андромеди, курајберчиња од Ресен кои дрнкаа некакви хитчиња и по некое орце колку за потсетување кој сме и што сме. Го фрлам в грло четвртото пиво. Надвот сум од оваа здодевна музичка заебанција. Со очите меркам некоја грмушка за да мочам. Не

да ми се моча, ми се плаче. И колку што станав... чупата од Детроит, нашинката која дошла да грабне некоја лубеница ко мене. Да, бостан исправен на нозе, бостан наполнет со пиво брза да мочни зад блиската грмушка начичкана со цветови.

- Тука си, а?
- Извини, ми се моча.
- Ти се мо...
- Ми се моча, не да ми се моча, ми се плаче.
- Уште едем мочко... Ќе те причекам.
- Чекај...

Додека го држев органот в рака, како да ми се отвори нова страница во мојот заебан живот. Демек време е да и вратам на Верчето. Се видов во Детроит покрај карот во дворот со покосена трева, се видов во шарена кошула, раскопчан, со косата залижана и фрлена над чело, се видов во филм во кој главниот тип е подготвен за нови авантури. Како да подоживеав. Како да се подотрезнив. Набрзина смислував стратегија. Се решив за типично филмска сцена. Се враќам олеснет, ја фаќам нашинката од Детроит со двете раце за главчето и и опнувам еден смртоносен бакнеж, бакнеж долг дури до... Стење.

Да, така беше. Нашинката ќе се онесвестеше. И ги скусив сите маки, сите празни муабети, летна од среќа како пеперутка од цвет полн нектар. Во средата бев дел од амбиентот во дворот во Кобалец, распашан како бег, дотеран како паун и подмачкан со неколкуте чаши ептен убав вињак. Верчето?!... Остана заробено во чаурата залчепена на лист од црничка, остана да ме арџи и да ме измачува.

•••

2006 година. Седумдесетите на 20 век станаа историја. Го скокнав новиот милениум и еве сум тука, во Нидупец. Еве сум под сливата со крошна, покрај некогашната селска плажа од која не останало ништо. Езерото... Не препознавам нишани, ја нема трската, големиот камен од кои скокавме во вода. Езерото се повлекло и потемнело како пред умирање. После 35 години доаѓам во родното село без никаков план. Засекогаш ја напуштив Америка и еве сум, овде, под оваа слива која и овој август сака да се покаже со сета своја убавина. Тате и мама... им го направив споменикот в црква. Старата куќа... Ме поплатија триста тони спомени и некако чувствував дека ќе скинам конци. Преголем товар за една напатена душа. На сто метри од

оваа слива со крошна како на чадор, над патот, си направив малечко, скромно куќарче. Но, што правам, овде, под сливата?!...

- Се извинувам... Ова ли е селската плажа?
- Беше... некогаш.
- Како, некогаш?!
- Дојдете поблиску, ништо не ве слушам.
- Добар ден, како сте?
- Еве, дремам под сливава... Не, не е можно!!!... Ќе се убијам!!!.. Ти?!
- Што не е можно, ништо не ве разбирам!
- Добро, да не сонувам, мајката?!
- Што да сонувате?
- Верче, така?!
- Гатач?
- Колку поминаа? Со математиката сум... 35 години.
- Сврти се малку!... Владимир!!!!... Ова е лудница!
- Верче од Скопје... Седни!... Што бараш тука?
- Вистинско прашање. Ај, кажи ми што барам тука!... Не сум дошла уште од... цел еден век не сум дошла овде.
- Сама си или со семејството?
- Те молам остави ги тие прашања... Владимир... Ајде да молчиме малку.
- Август седумдесетите, ноќно капење... излезе од под еден бран... Горе месечина, од под бранот излезе мојата втора месечина.
- Голгетерот на Маркова Нога и гостинката од Скопје, дивата и безобразна... Зошто токму под оваа слива?
- Зошто така требало.
- Погледни!... Види!... Не ми се верува!
- Аууу, неверојатно!... Нашите иницијали во срцето издлабено во стеблото на оваа слива. Како ништо да не се променило. Се читаат буквите...
- Се сеќавам на ножето со дрвена рачка... додека длабеше ти се скрши врвот. По колку години имавме тоа лето?
- Ми се чини запишавме втора година на факултет.
- Да не е тука, некаде и чамецот... дрвената чумка...
- Не верувам... Верче!

- Еднаш заглавивме во трските. Ми ги покажуваше гнездата на прекрасните птици, гнезда обесени на трските како фенерчиња. Имаа малечки и на секои минута-две им носеа храна. Ме праша колку деца ќе имаме, ти реков десетина.
- Немам деца, бившата моја не роди.
- Јас и бившиот имаме ќерка, возрасна... Владимир?
- Кажи!
- Плачиш!
- Извини, просолзив колку да не речеш дека...
- Не си се променил многу. Брадичето малку ти побелело...
- Малку... Верче!
- Просолзив и јас. Куќичето над патот...
- Мое е, тазе изградено, варосано...
- Владимир, цело време гледаш во песокот. Сакам да ме погледнеш убаво... Што остана од Верчето, од она Верче...
- Се сеќавам на ливадата со горница на средината, нешто се надмудрувавме и... без најава, без ништо, ме прегрна, ме бакна и ми рече... ми рече- те сакам. Ме ѕвездоса. Многу ми беше криво бидејки јас немав храброст тоа прв да ти го кажам.
- Ливадата во Разливаа... Кажи нешто... Кога дојде од Америка?
- Пред еден месец... Прв ден сум, овде, во куќарчево... Сите ме прашуваат за лулашката во дворот. Направив лулашка...
- Се сеќавам на една лулашка... беше обична фортома префрлена преку гранката на вашиот орев. Седнав на некакви партали и ти почна да ме лулаш...
- Толку многу се смееше... Тоа твое заразно смеење 35 години ми беше фон во соништата што ги сонував и што ги пресонував.
- Владимир!... Избриши ги солзите...
- Ги бришам... Пишувам книга.
- Навистина?!
- Втората месечина...
- Одлично. Кога ќе стигнеш до тука, до нашата средба под оваа слива на чие стебло се врежани нашите иницијали... стави нешто како наслов, нешто како премин, како... “ Втората месечина- вторпат.„

...

***Втората месечина- вторпат...***

Седумдесетите... Убави времинја. Од каде да почнам?! Откога се вративме од море, од Будва, ги молев моите да ме пуштат да скокнам до село. Моето инсистирање ги направи сомничави. Се инаетевме неколку дена и... Знаеш, ми пукна филмот и им кажав дека сум заљубена во едно селанче кое студира социологија во Скопје. Реакцијата беше... Тате, познат скопски адвокат кој веќе ја испланирал мојата кариера, се разбира требаше да бидам неговата наследничка. Тате... се обиде да ме удри. Мама, како и сите мајки, држеше равнотежа. Со денови не излегував оддома и некако за џабе ми беше бојата што ја донесов од Будва. Не сакав да им ја покажувам на одбраните, синови и ќерки на партиски послушници кои си имаа свои места за излегување, возеа автомобиле, се носеа поинаку од другите, беа кремот на градот. Ми се повраќаше од тоните лицемерие, од лигавењето, од преправањето... Искрено, не ми беше гајле за никого.
Еден ден излегов со мама и во трговскиот се сретнавме со еден твој земјак кој се познаваше со моите, мислам дека работеше во тогашното СВР. Дознав дека со некоја нашинка си заминал во Америка. Ја замолив мајка ми да ме остави в град. Таа си замина, а јас седнав на кејот покрај Вардар. Сите планови ми паднаа во вода и како да ги однесе реката заедно со пластичните шишиња и со ѓубриштата што ги туркаше за да ги удави в море.

Се прибрав дома. Моите молчеа... ништо не ме прашаа. Се правеа како ништо да не се случило. Во погледот на татко ми го видов задоволството од веста. Сигурно веќе те погребаа, тебе, селанчето од Нидупец. Во очите му прочитав победа. Не знам дали вистински го прочитав тој поглед, но, тате почина, а тој поглед сеуште ме следи. Во него беа собрани разликите во тогашното општество. Разните флоскули беа само шминка, реалноста беше нешто друго. Едни беа горе, богати, одбрани, стокмени, недопирливи, другите беа долу, мирни, прибрани, верни, доследни и сиромашни. Но, било како било, тргнав на факултет. Големата љубов што ми се случи тоа лето во малечкото крајезерско село се претвори во омраза, се чувствував предадена, осамена напуштена. Сите мои планови ги замрзнав во некое резервно мозочно чекмеџе. Се фрлив на учење, така се бранев од многуте момчиња кои упорно настојуваа да почнат некаква врска со мене. Се бранев со учење. Понекогаш помислував дека си се вратил, дека си се премислил и си ја оставил нашинката од Детроит... Ѕиркав по ходниците на факултетот... те немаше. Не знам како поминаа три години. Пред

полагањето на последниот испит, се свртев и, таму, некаде, во длабочината на ходникот како да те видов тебе. Се шокирав... Некако се прибрав и тргнав... Типчето беше плукнат ти. Ја виде мојата збунетост, возбудата, почна да се смее.... Толку беше. Се омажив за типчето што беше твоја копија. Најважно беше што неговата биографија совршено одговараше на профилот што го бараше татко ми. Се пресели кај нас, останав трудна, се роди Лилето... станав мајка. Почнав полека да ја преземам работата од татко ми. Секојдневно бев на некакви судења. Градев кариера на успешна адвокатка. Односите со сопругот, со твојата копија... Постојано ни се отвораа нови загради... не успеав до крај да се отворам, секогаш висеше по некој извичник. Стана сомничав. Почна да ме следи, да ме шиканира пред колегите и пред моите дома. Животот почна да ми станува пекол. На шестиот роденден на ќерка ми... се напи, почна да ме навредува, ме нарече... Излегов во дворчето, седнав на столицата... По некое време дојде, почна да се лигави, да ми се извинува, да плаче... Ми пукна филмот и го соочив со мојата вошлива приказна. Да не ти ја повторувам, ја знаеш... Такви детали му открив... Го соочив со мојата вистина. При секое затворање на очите, при секое водење љубов, истата слика... му кажав дека те гледам тебе. Беше премногу горд да ја голтне приказната, си ги собра парталите и замина. За среќа, формалностите не беа стресни, ги договоривме сите детали околу керка ми... До денеска останавме пријатели, родители кои се грижат за керката. Се разбира тој во меѓувреме се ожени, има уште две деца, јас... не. Победници и губитници... Не се чувствувам ни победник ни губитник, губитници беа моите родители кои многу вложуваа во оваа врска. Тате не ми ја прости, како што ми велеше, глупоста... се разболе и умре. Сега живеам со мама и со керка ми која моментално е на поздипломски студии во Лондон. Имам пари, бесен автомобил, стан во Охрид, викендичка кај Марков манастир... Но, ако сега, пред тебе, го постелам животот ко чергиче за пред врата, единствената непозната ќе е ... Нека ми каже некој што ме натера од Охрид да дојдам овде по 35 години. Ова е лудница! Службен пат, одлично завршена работа и наместо да си тргнам спокојно за Скопје, нешто ме донесе овде, под оваа слива, во ова полупразно село во кое исчезнаа и магарињата. Зошто?... За да ми се отворат раните од младоста?!.. За повторно да крварам!... Те молам, извини... Монологов и така не вреди ни пет пари. Не ја гледам смислата! Колку што помислив дека сум се ослободила од сите глупости... Животот е една невидена глупост. И што сега?!... Треба да соберам сила и да ја голтнам и твојата приказна. Море нека се гони

све... Владо, си одам и немој да си отворил уста. Онеми еднаш за секогаш. Не, не врти со очите...те молам! Остави ме да влезам во автомобилот и да се исчистам одтука. Така е најдобро. Издлабеното срце на стеблото на оваа проклета слива, моите и твоите иницијали, езерото, јас, ти, двете месечини, ноќното капење, ливадата со горница на средината, црниците кај манастирот, твоите голови постигнати во моја чест, изгубената невиност на железниот кревет со сламарица, сето тоа е една голема повраќаница по некое заебано пијанство во некоја балканска биртија. Мислиш дека е нечесно да заминам?... Зошто?... Мислиш дека те обвинувам?... Не, не обвинувам никого. Ајде, хипотетички вака да ги поставиме работите.Што ќе се случеше по враќањето од Будва да скокнев до село? Ќе се премислеше и ќе ја оставеше нашинката од Америка?... Глупости!.... Види, сега, по 35 години сите комбинации се обично филмско сценарио во кое сценаристот се мачи да измисли крај. Ајде, одлучи се за некаков крај! Сакаш гледачите да си одат дома задоволни или расолзени, а?... Ох, главниот лик се враќа од чуждина и по цел еден век ја оживува грдата и за никаде мумија. Погледни како изгледам! Погледни со отворени очи! Ми ги изброја брчките? Ми ја измери килажата? Кажи ми што остана од мене?... Што? Нели е смешно, сега, под оваа слива, да ми кажуваш колку ме сакаш, колку си среќен што си ме видел повторно, како се отвора нова страница во твојот живот... Треба да се изгубам. Ако останам... Сега тргнувам кон автомобилот... Владо! Се стемни. Небо со облаци над Преспа. Погледни! Од под оној беличест облак ѕирка ѕвезда. Трепери.Уште една од многуте светилки. Колку ли луѓе на светот , токму оваа вечер ги допира... среќата. Владо, нашата светилка ... Штета, облакот ја покри ѕвездата. Пред 35 години, токму овде, под оваа слива со крошна како на чадор, безгрижно ја трошеа ноќта, се смееја и се глупираа голгетерот на Маркова Нога и чупето од Скопје кое случајно залутало на погрешна дестинација. Небо со ѕвезди. Еден метеор се појави и заринка, се удави во езерото. Од поодамна не сум ѕвезда, не сум твојата втора месечина. Оставиме да си одам и спокојно да... Владо, недовршените приказни се лепак за бадијалџиите. Твоите солзи само ќе ја разблажат оваа... сапуница.

•••

***Голгетерот на Маркова Нога го дава последниот гол...***

Седумдесетите... лето, овде во Преспа. На средсело се изживуваме со една ракометна топка, лудачки ја удиравме во предниот

ѕид на селскиот дом. Наеднаш свртги автобусот и на предната врата се појави Ти. Не си свесна што се случуваше потоа. Сигурен сум дека селските фраери вечерта купија миски сапунчиња и брезов шампон, дека ги одраа кожите од триење за да мирисаат убаво и за да им светнат косите. Но, Ти ме одбра мене. Зошто?!... Селанчето и Скопјанката со педигре. Од една страна кремот, ќерката на познатиот скопски адвокат која живееше во елитна населба, од другата страна селанчето кое ораше, жнееше, прскаше јаболкници, кое пасеше волови, кое студираше во Скопје, кое се влачкаше по тамошните подруми и секојдневно стегаше грав во тогашната Исхрана. Си замина... Од Скопје на море, јас... Бев тажен, уплашен, ми се удавија сите надежи во езерото... Секоја вечер те сонував, секој ден размислував за почетокот на новата студентска година која се ближеше. Се плашев од помислата дека треба да одам во Скопје, да се појавам на факултет и повторно да те сретнам. Милион прашања ми се вртеа во главата. Дали ќе ме познаваш, дали ќе собереш храброст да ме покажеш пред твоето одбрано друштво, што ќе облечам ако случајно ме поканиш да излеземе некаде. Мојата загриженост, мојата тага, разочараност... се гледаше од авион. Од типче кое беше замешано во сите селски манџи, од фраер кој го обожаваа и селските кучиња, од познатиот дриблер и шутер кој постигнуваше историски голови за својата екипа, станав обична сенка која бесшумно се движи по тесните селски улици. И, една вечер, на игранка... Да, ми пријде нашинка од Детроит. Беше дојдена да се мажи, да одбере некого и да го однесе во Америка. Се чувствував ко бостан. Да, лубеницата стигна во Детроит, новиот зет стана атракција меѓу нашинците во овој милионски град. Првите неколку недели ме третираа како костум. Ме покажуваа, ме претставуваа како божем да бев најдоброто од Македонија. Нејсе, помина и тоа, тргнав на работа.... Пуста работа, две години миев чинии во еден ресторан. Важно научив јазик, знаев сам да одам до црквата, до кај некои роднини... Кај беше ти?... Секаде... Секое затворање на очите, твојот лик, твојата насмевка... Поминаа 35 години... Знаеш, некако највпечатлива ми е сликата од Блато, од нашето фудбалско игралиште. Работата беше наелектризирана до максимум, игравме со екипата на Кобалец, победникот стануваше првак. Публика, ѕвонци, тапани, песни, една група деца ја пееја нашата химна, химната на Маркова Нога. Топката се тркалаше повеќе од еден час и таму кон крајот една топка ми легна на десната, крвнички ја закачив и над главата на голманот се зари во мрежата. Таква еуфорија, такви емоции, една експлозија од емоции... публиката падна во транс, станав јунак на денот... Река луѓе, од баби до

деца кои штотуку проодиле ме гушкаа, ми честитаа... Едно време ме кренаа на раце... Под врбите ги соблековме дресовите, бев изморен и колку што сакав да се пикнам во фиќото на стрика Спасета... се појави ти со велосипед. Ме прегрна и ме бакна, бакнеж долг сто километри, бакнеж со сите нишани, филмски... Тоа беше првиот јавен бакнеж во нашето село. Бакнежот во Блато со селскиот голгетер тоа лето стана најмуабетената еротска сапуница . Што сакав да ти кажам!... Зошто солзи?... Те молам оставиме да ти ја дораскажам приказната... Твојата машки ја издржав. Да, проблемите почнаа кога... нашинката не можеше да остане бремена. Ми се свртеа мене. Испадна дека зетот е килав, дека не го бива за ништо... Животот ми стана пекол. Се отворија многу прашања и констатации. Пукна тиквата. Го знаеш нашиот менталитет. Нејзините родители приказната ја допишуваа секој ден. Испадна дека госпоѓата се дебелееела затоа што сум ја нервирал. Ме однесоа и на лекар. Се виде дека грешката не е во мене. После го свртеа муабетот, демек... Испадна дека во неа е проблеот што немаме деца. Но, животот е непредвидлив. Кога ми беше најтешко се појави една малку постара жена од мене со полско потекло, бизнисменка, жена која не се вклопуваше во шемата на тамошното општество. Уживаше во приземни работи, прошеки, изложби, во книги, театарски претстави... Била и во Охрид и им се воодушевуваше на црквите, иконите, резбите. Со нашинката се разведовме, се преселив кај пољачката. Тоа беше чудна врска, љубов и бизнис. Станав дел од нејзиниот бизнис. Ме запиша на факултет, го завршив... Америка во мене откри нешто за што не сум бил свесен. Станав машина за правење пари. До сѐ што ќе се допрев стануваше купче долари. Станавме партнери... Пред десет години, кога почувствувавме дека хемијата ја снема, најцивилизирано се разделивме. Пред некој месец го продадов мојот дел од бизнисот и еве сум тука, во Преспа, покрај моето езеро, под оваа слива со крошна на чадор, тука пред ова издлабено срце во стеблото. Во срцето во кое се нашите иницијали. По 35 години те гледам тебе седната, тука, до мене. Уплашен сум, збунет и конфузен. Сакам да ти кажам милион работи... Ти разведена и успешна, со возрасна ќерка, јас сам, богат... Тате и мама умреа, не дојдов да ги погребам... Вчера бев в црква го стокмивме споменикот. Тате, бескомпромисниот комунист кој сонуваше неговиот син да стане познат социолог, директор на некоја фабрика или политичар.... мама... ми беше ангел чувар. Трчаше и в поле, стигнуваше и ручек да направи и да ме испегла, да ми дај некое динарче за излегување. Верче, јас сега можеби сум најсреќниот човек на светот. Ништо не може да ми ја помати оваа среќа. Дури ни ти. Можеш да си

заминиш и никогаш повее да не се вратиш, можеш да извадиш пиштол и да ме убиеш, можеш да ме затвориш во темни зандани... Кои се најважните прашања? Како изгледаш ти во моите очи по 35 години?... Како изгледам јас во твоите? Има ли нешто за што можеме да се фатиме? Сите соништа ги отсонував, најважниот денеска ми се престори во јаве.

Пред два дена поминував покрај куќата на Пајковци. Се гледа дека била пред истурување. Но, некој се вратил и и направил нови столбови, нова конструкција. Не, човекот не правел музеј, едноставно сакал да и го продолжи животот и да си ги сочува спомените. Ни требаат нови столбови... Ако така гледаме на оваа средба, тогаш работите се едноставни. Столбови, надеж, кувет, тоа ни треба за да го вратиме времето, да почнеме да создаваме нови спомени, нови соништа. Вечерва кога ќе си легнам сакам да ги затворам очите и да си направам филмче во кое повторно ќе сме тука, под оваа слива, покрај срцето со нашите иницијали издлабено пред 35 години. Само тоа ми остана, се друго отсонував. Сакав да ја видам Америка, ја видов. Сакав да станам богат, имам пари уште за три животи...

Погледни!... Сонцето падна зад Галичица. Потона за да ни каже: Луѓе, одморете се, утре е нов ден. Обидете се да го направите поумен и поубав од денешниов!.... Пред 35 години истеравме многу дијалози. Во ливадата ко тепсија си ветивме вечна љубов ... Да, токму овде, под нас, на селската плажа бркавме бранови. Ти цртав срциња во песокта за потоа да дојде некој бран и да ги однесе. Време е да ги пронајдеме.

• • •

***Епилог...***

Од терасата на моето ново куќарче го гледам езерото. Спие. Време му е зошто сонцето, токму сега, кацна зад Галичица. Последните зраци го опашаа Пелистер на спротивната страна. Го допивам кафето. Првиот мрак го покрива дворот како завеса со нежни розови цветчиња. И, како во сон, низ завесата се протна жена, зачекори кон лулашката, седна на дрвеното столче.

- Има ли маж што ќе ме турне и што ќе сака да ме полула, а?
- Има - подвикнав и тргнав.